## ВОВЕД

Социјалните услуги се еден од темелите на социјалната држава и на системот на социјална заштита. Гледано во европски контекст, но и пошироко, државните социјални услуги својот развој го доживуват во периодот меѓу 50-тите и 70-тите години од 20 век. Иако развојот на јавните социјални услуги започнува уште во периодот на Бизмаркова Германија (крајот на 19 век и почетокот на 20 век) во доменот на здравствени услуги и услуги за невработени, сепак нивното посериозно систематско третирање доживува бум по Беверицовиот план (1942), и втемелувањето на државните здравствени услуги, персоналните социјални услуги и сл. Низ годините принципите, опфатот, давателите и формите на социјалните услуги постојано се предмет на промена. Децентрализацијата, плурализацијата, воведување пазарно-ориентирани социјални услуги, избор, квалитет и флексибилност се само некои од процесите низ кои социјалните услуги се менуваат. Ваквите трендови се забележителни и во македонски контекст, со донесувањето на Законот за социјална заштита во 2019 година, кој на социјалните услуги им даде повидливо место, ги диверзифицираше и ги направи интегрални со правата на парична помош од социјална заштита.

Петнаесеттиот број на Ревијата за социјална политика се зафаќа токму со темата на социјалните услуги, анализирајќи ги притоа новите пристапи во нудењето на социјалните услуги, но и специфичните социјални услуги насочени кон старите лица, децата, младите и лицата со попреченост. Петте текста во овој број, покрај нудењето на теоретски и практични сознанија за трендовите и состојбите со социјалните услуги во различни сектори и различни општествени контексти, наметнуваат и понатамошни истражувачки дилеми за оние со интерес за социјалната заштита и социјалната политика.

Една од дилемите која ја поставува воведниот текст (Борнарова) се однесува на „инфилтрацијата на новата менаџмент-култура во секторот на социјални услуги“. Дали и во која мера системите на социјална заштита ќе го прифатат и прилагодат овој тренд кај социјалните услуги несомно ќе го одреди и опфатот (универзализација или селективност), квалитетот на социјалните услуги (економичност наспроти инклузивност), но и понудата (контрактирање наспроти јавно обезбедување) на социјалните услуги во иднина. Новиот и радикален метод на семејно-групна конференција и колку истиот ќе се покаже како погоден начин за планирање на грижата во јавниот систем на услуги за деца и млади е дилема која ја разработува вториот текст (Хулмулер). Низ искуството на Австрија, текстот говори за потребата од парадигматска промена на ставовите на профе-

сионалците во однос на преминот од експертско кон кооперативно и партиципативно разбирање на семејните ситуации и донесувањето на одлуките во системот на детска заштита. Дополнителни истражувачки дилеми отвора следниот текст (Димитријоска, Трбојевиќ, Илиевски) кој низ призмата за социјалните услуги за стари лица јасно го посочува предизвикот пред социјални услуги кои „се замислени да одржуваат автономија и независно живеење на старите лица" од една страна, но притоа да не создаваат „зависност од системот кој ги пружа социјалните услуги". Четвртиот текст (Станојковска-Трајковска, Георгиевска, Арнаудовска) посочува на потребата од реобмислување на „самостојно живеење со поддршка во заедница" во македонски контекст во однос на „корисниците со интелектуална попреченост, нивниот работен ангажман во самата служба и надвор од неа, како и целосна проценка на нивниот квалитет на живеење". Со последниот текст од овој број (Крстовски) се истакнува потребата од сеопфатен пристап во надминувањето на бројните предизвици со кои се соочуваат лицата со попреченост како корисници на социјални услуги, фокусирајќи се притоа (но не само на тоа) кон: „нови стандарди за квалитет на социјалните услуги за лица врз основа на концептот на квалитетот на живеење" со особен акцент врз „вклучување на корисниците, унапредување на методите, обука на кадарот, следење и оценување, етика, постапки за поплаки и сл."

Истражувачките дилеми отворени со овој број на Ревијата за социјалната политика се добар патоказ за идните обмислувања и практики насочени кон квалитетни, инклузивни и етички социјални услуги.

Маја Геровска Митев
Главен уредник

## INTRODUCTION

Social services are at the core of the welfare state and the social protection system.In European contextand beyond,state socialservices developed between the 1950s and 1970s.Although the development ofpublicsocial services began earlier, during Bismarck's Germany (late 19th and early 20th century) in the area of health care and unemployed services, still their systematic development boomed after Beveridge's plan (1942), with the founding of national health services, personalized social services, etc. Over the years the principles, scope, providers and forms of social services have been subject to constant changes. Decentralization, pluralization, marketization, focus on choice, quality and flexibility are just some of the processes through which social services evolved. Thesetrends are also evident in the Macedonian context as well, especially after the adoption of Law on Social Protection in 2019, which gave social services amore prominent place, diversified them and integrated them with the rights to financial assistance from the social protection system.

The fifteenth issue of the Journal of Social Policy focuses on the topic of social services, analysing new approaches in the provision of social services, as well as the specific social services targeted at the elderly, children, youth and persons with disabilities.The five articles in this issue, inaddition to offering theoretical and practical insights into trends and conditions in social service-provision in different sectors and different social contexts, put forward further research dilemmas for those with an interest in social protection and social policy.

One of the dilemmas raised by the introductory article (Bornarova) concerns the "infiltration of the new management culture in the social services sector".Whether and to what extent social protection systems will adopt and adapt to this trend in social services will undoubtedly determine the scope (universalization or selectivity), quality of social services (cost-effectiveness versus inclusiveness)and supply (contracting vs. public provision) of social services in the future. A newand radical method of family group conference and whether it will provide an alternative way to plan care in the public system of services for children and youth is a dilemma put forward by the second paper in this issue (Höllmüller).Through Austria's experience, the author speaks of the need for a paradigmatic shift in the attitudes of professionals regarding the transition from an expert to a cooperative and participatory understanding of family situations and decision-making in the child protection system.Further research dilemmas are opened by the following article (Dimitrijoska, Trbojevic, Ilievski) that clearly outlines the challenge faced by the social services that aim on one hand to "to maintain the autonomy and independent living of the elderly"while not creating "depend-

ence on the system of social service provision". The fourth paper in this issue (Stanojkovska-Trajkovska, Georgievska, Arnaudovska) points to the need of rethinking the "independent living with support in the community" of persons with intellectual disabilities in the Macedonian context from the perspective of "their working engagement, as well as the assessment of their quality of life». The final article of this issue (Krstovski) emphasizes the need for a holistic approach in overcoming the numerous challenges faced by persons with disabilities as social service users, focusing (but not limited) on: "new quality standards for social services, based on the concept of quality of life" with particular emphasis on "user involvement, method improvement, staff training, monitoring and evaluation, ethics, complaints procedures, etc."

The research dilemmas presented in this issue of the Journal of Social Policy provide indicative roadmap for further reflections and practices the aim of which is the provision of social services based on quality, inclusiveness and ethical standards.

Maja Gerovska Mitev
Editor-in-Chief